
Организација ЖЕНА
Делчево

АНАЛИЗА

Истражување: Прошетка низ заедницата низ женски леќи-перцепции од перспектива на жена



А Н А Л И З А

Истражување: Прошетка низ заедницата низ женски леќи-перцепции од перспектива на жена

Вовед

Секојдневието на жените во заедницата е обликувано од многу фактори, безбедноста на улиците, достапноста на јавниот превоз, квалитетот на инфраструктурата, довербата во институциите и можноста рамноправно да учествуваат во општествениот живот. Иако овие прашања често се сметаат за општи, нивното влијание не е исто за сите. Жените, особено оние кои живеат во руралните средини, секојдневно се соочуваат со предизвици кои остануваат незабележани доколку не се слушне нивниот глас.

Со цел подобро да ги разбереме овие предизвици, Организација ЖЕНА Делчево ја спроведе алатката „Прошетка низ заедницата низ родови леќи“, преку која беа прибрани мислењата, искуствата и перцепциите на жени од различна возраст и од различни населени места. Анализата не се фокусира само на состојбите во просторот, туку и на тоа како тие влијаат врз чувството на сигурност, пристапот до услуги, мобилноста и можностите за активно учество во животот на заедницата.

Наодите покажуваат дека иако постојат позитивни примери, голем број жени сè уште се соочуваат со недоволно осветлени улици, ограничен јавен превоз, небезбедни јавни простори, недоверба во институциите и инфраструктурни недостатоци кои директно влијаат врз нивниот квалитет на живот. Овие предизвици не се само индивидуални искуства, туку укажуваат на потребата од родово сензитивно планирање и креирање локални политики што ќе ги земат предвид реалните потреби на жените.

Оваа анализа има за цел да ги претстави собраните податоци преку квантитативен и квалитативен приказ, да ги истакне најзначајните предизвици со кои се соочуваат жените и да понуди основа за идни мерки и иницијативи насочени кон создавање побезбедни, попристапни и поинклузивни локални заедници.

Овој документ претставува синтеза на податоците собрани преку олајн истражување, спроведено во општина Делчево и околните рурални средини. Главната цел на истражувањето е да се мапираат предизвиците со кои се соочуваат жените во секојдневното движење низ јавниот простор.

Истражуањето се темели на 150 одговори кои за краток период од 3 дена беше реализирано преку онлајн анкета,

Веруваме дека гласот на жените треба да биде појдовна точка при планирањето на јавните политики, затоа што само така можеме да изградиме заедници во кои секоја жена ќе се чувствува безбедно, слушнато и еднакво.

Организација ЖЕНА Делчево

Детална анализа на клучните теми

Клучните наоди укажуваат на тоа дека, иако општата перцепција за безбедност е релативно позитивна, постојат критични фактори кои значително ја нарушуваат слободата на движење на жените. Најголемите пречки вклучуваат:

- Несоодветно јавно осветлување

- Проблемот со бездомните кучиња
- Лоша инфраструктура
- Недостаток на јавни услуги
- Институционална недоверба

1. Безбедност и јавно осветлување

Резултатите од анкетата покажуваат дека безбедноста во јавниот простор и квалитетот на јавното осветлување претставуваат едни од најзначајните предизвици со кои се соочуваат жените во заедницата. Перцепцијата за безбедност не зависи само од присуството на осветлување, туку и од целокупното уредување на јавниот простор, можноста за безбедно движење и довербата дека во случај на ризик ќе можат навремено да добијат помош.

На прашањето дали улиците и јавните простори се доволно осветлени навечер, само 18,2% од испитаничките сметаат дека осветлувањето е соодветно. Најголем дел, 52,3%, оценуваат дека осветлувањето е само делумно задоволително, додека 29,5% сметаат дека јавните површини не се доволно осветлени. Ова значи дека повеќе од четири од секои пет жени (81,8%) не се целосно задоволни од состојбата со јавното осветлување.

Перцепцијата за личната безбедност е уште поизразена. Само 15,9% од испитаничките изјавиле дека се чувствуваат безбедно кога се движат навечер, додека 54,5% чувствуваат безбедност само делумно. Дополнителни 29,5% изјавиле дека воопшто не се чувствуваат безбедно при движење во вечерните часови. Овие податоци покажуваат дека 84% од жените имаат одредено чувство на несигурност, без разлика дали тоа е повремено или постојано.

Како главни причини за чувството на небезбедност, испитаничките најчесто ги наведуваат:

- недоволното јавно осветлување на улиците и споредните патишта;
- темни и неуредени јавни површини;
- присуството на бездомни кучиња;
- недостатокот на луѓе и сообраќај во вечерните часови;
- стравот од вознемирување или други непријатни ситуации.

Овие фактори директно влијаат врз секојдневниот живот на жените. Голем дел од нив изјавуваат дека поради чувството на небезбедност ги ограничуваат своите активности, избегнуваат одредени улици или не излегуваат сами навечер. На тој начин, небезбедната средина не влијае само врз нивната физичка сигурност, туку и врз нивната мобилност, пристапот до услуги, можностите за вработување, учество во општествени активности и севкупниот квалитет на живот.

Особено значајно е што резултатите покажуваат јасна поврзаност помеѓу квалитетот на јавното осветлување и чувството на безбедност. Во средините каде што недостасува осветлување, жените значително почесто пријавуваат страв од движење, избегнување на јавните простори и чувство на ранливост. Тоа укажува дека подобрувањето на инфраструктурата не претставува само комунално прашање, туку и прашање на родова еднаквост и човекова безбедност.

Заклучок

Анализата покажува дека безбедноста и јавното осветлување се меѓусебно тесно поврзани и имаат директно влијание врз секојдневниот живот на жените. Податокот дека 81,8% од испитаничките не се целосно задоволни од јавното осветлување, а

84% не се чувствуваат целосно безбедно при движење навечер, укажува на потреба од системски интервенции. Приоритет треба да биде поставување дополнително улично осветлување, уредување на јавните површини, редовно одржување на инфраструктурата и воведување мерки што ќе придонесат жените да се движат слободно, безбедно и со поголема сигурност во својата заедница.

Осветлувањето е примарен фактор кој го одредува движењето на жените во вечерните часови.

Анализата покажува дека:

- Повеќето испитанички избегнуваат движење навечер поради „морничава темница“ или прегорени светилки.
- Постои силен консензус дека подоброто осветлување директно го зголемува чувството на безбедност и ја намалува можноста за непријатни ситуации.
- **Состојба на тротоарите:** Честопати се нерамни, со дупки или воопшто не постојат во одредени делови. Дополнителен проблем се сообраќајните знаци поставени на среде тротоар и паркираните автомобили кои ја блокираат патеката.
- **Пристапност:** Постои сериозен недостаток на оборени ивичњаци, што го отежнува движењето на мајки со колички и лица со попреченост.
- **Јавни простори за одмор:** Пазарот и централните делови немаат доволно сенки, настрешници или клупи за одмор, што е особено значајно за повозрасните жени.





2. Социјални ризици

Резултатите од анкетата покажуваат дека иако дел од жените се чувствуваат безбедно во својата заедница, социјалните ризици сè уште значително влијаат врз нивното секојдневно движење и чувството на сигурност.

На прашањето дали избегнуваат движење навечер, околу една третина од испитаничките (34%) изјавиле дека го избегнуваат излегувањето по зајдисонце, додека околу 66% навеле дека не го ограничуваат своето движење. Жените кои избегнуваат да се движат навечер најчесто како причини ги наведуваат недоволното улично осветлување, присуството на бездомни кучиња, стравот од непријатни ситуации и чувството на несигурност.

Дополнително, околу 36% од испитаничките изјавиле дека барем повремено ја менуваат својата патека или начинот на движење за да се чувствуваат побезбедно, додека околу 64% не практикуваат вакви промени. Дел од жените наведуваат дека избираат поосветлени улици, се движат само таму каде што има повеќе луѓе или бараат придружба кога проценуваат дека средината е небезбедна.

Во однос на вознемирувањето на јавни места, околу 34% од испитаничките посочиле дека некогаш доживеале непријатно искуство, како што се довикување, свиркање, непосакувани коментари, погледи или други форми на вознемирување, додека околу 66% изјавиле дека не се соочиле со вакви ситуации.

Истовремено, околу 33% од жените наведуваат дека чувствуваат поголема несигурност кога се дотерани, носат одредена облека или излегуваат навечер, додека околу 67% не чувствуваат ваква непријатност. Иако мнозинството не го доживува овој проблем, секоја трета жена која чувствува дополнителна несигурност претставува показател дека родовите стереотипи и стравот од вознемирување сè уште влијаат врз слободата на движење.

Заклучок

Податоците укажуваат дека социјалните ризици не произлегуваат само од физичката инфраструктура, туку и од чувството на лична безбедност во јавниот простор. Стравот од вознемирување, недоволното осветлување и присуството на бездомни кучиња придонесуваат дел од жените да го менуваат своето секојдневно однесување, да избегнуваат движење навечер или да бараат побезбедни рути. Овие резултати ја нагласуваат потребата од подобрување на безбедноста во јавниот простор, како и од мерки за превенција на вознемирувањето и создавање средина во која жените ќе можат слободно и без страв да се движат во секое време од денот.

- **Непријатни социјални ситуации:** Покрај кучињата, како ризик навечер се наведени и групи на млади лица, пијани лица и страв од довикување, свиркање или непосакувани погледи („демнење“).



3. Јавни услуги и транспорт

Резултатите од анкетата покажуваат дека пристапот до јавен превоз и квалитетот на транспортните услуги сè уште претставуваат сериозен предизвик за жените, особено во руралните средини.

На прашањето дали во местото на живеење постои некаков вид јавен превоз, **36,4%** од испитаничките одговориле дека има, додека ист процент (**36,4%**) изјавиле дека воопшто нема организиран јавен превоз. Дополнителни **27,3%** не се информирани дали постои таква услуга, што укажува на недоволна информираност или ограничена достапност.

Кога станува збор за тоа дали јавниот превоз ги задоволува потребите на жените, само **15,8%** сметаат дека превозот е соодветен. Најголем дел од испитаничките (**42,1%**) оценуваат дека тој само делумно ги задоволува нивните потреби, додека ист процент (**42,1%**) смета дека воопшто не одговара на нивните секојдневни потреби. Ова значи дека **84,2%** од жените не се целосно задоволни од јавниот превоз.

Особено загрижувачки се перцепциите за безбедноста. Дури **67,6%** од испитаничките сметаат дека јавниот превоз и автобуските постојки не се безбедни, **24,3%** оценуваат дека безбедноста е само делумно обезбедена, а само **8,1%** сметаат дека тие се навистина безбедни. Овие резултати укажуваат дека недостатокот на осветлување, означени постојки, клупи, настрешници и лесен пристап значително влијае врз чувството на сигурност кај жените.

Дополнително, состојбата со инфраструктурата на местата за чекање е оценета како незадоволителна. Дури **82,5%** од испитаничките сметаат дека постојките не се соодветно уредени, **12,5%** оценуваат дека условите се само делумно задоволителни, додека само **5,0%** сметаат дека тие се соодветно означени, осветлени и опремени.

Заклучок

Анализата покажува дека јавниот превоз претставува една од најслабите алки во обезбедувањето еднаков пристап до услуги за жените. Недоволната достапност, несоодветниот распоред на линиите, небезбедните постојки и слабата инфраструктура го ограничуваат секојдневното движење на жените и нивниот пристап до работа, здравствени услуги, образование и јавни институции. Овие резултати укажуваат на потреба од родово сензитивно планирање на транспортните

услуги, подобрување на инфраструктурата и зголемување на безбедноста на јавниот превоз и автобуските постојки.

- **Хигиена и ресурси:** Истакната е итната потреба од јавни тоалети и чешми со вода за пиење по должината на најфреквентните патеки.

4. Институционална соработка и доверба

Истражувањето открива јаз помеѓу граѓанките и институциите:

Недоверба во пријавувањето: Иако 42,2% од испитаничките знаат каде можат да пријават проблем, само секоја четврта жена има целосна доверба и јасност околу институционалниот систем. Дополнително, 33,3% имаат само делумни информации, што укажува дека процедурите и надлежностите не се доволно познати.

Особено загрижува податокот дека 15,6% од жените изјавуваат дека не би пријавиле проблем поради недоверба во институциите, што претставува значајна бариера за навремено пријавување и добивање заштита. Заедно со жените кои воопшто не знаат каде да се обратат (6,7%), повеќе од една петтина од испитаничките немаат доверба или немаат доволно информации за институционалната поддршка.

Овие резултати укажуваат на потреба од поголема информираност, јакнење на довербата во институциите и подобра видливост на механизмите за пријавување

Потреба од едукација: Постои барање за поголема информираност за правата на жените, механизмите за заштита од семејно насилство и поголема транспарентност на локалните власти.

Препораки од заедницата

Врз основа на одговорите, се дефинираат следните приоритети за подобрување на условите за живот на жените:

Област	Конкретни предлози
Безбедност	Решавање на проблемот со бездомните кучиња; зголемено полициско присуство и патроли; поставување на видео надзор на критични точки.
Инфраструктура	Редовно одржување на јавното осветлување; изградба на велосипедски патеки на рамен терен; реконструкција на тротоарите и отстранување на пречките од нив.
Социјална поддршка	Формирање на „Женско катче“ или клуб за жени за дружење, едукација и групи за самоподдршка; организирање работилници за економско зајакнување.
Институции	Побрза реакција на пријавите од граѓаните; воведување на SOS апликации за помош; поголема вклученост на жените во одлучувањето на локално ниво.
Јавни услуги	Поставување на јавни чешми и тоалети; обезбедување на функционален и безбеден јавен превоз, особено за поврзување со руралните средини.

Заклучок

Основниот заклучок од истражувањето е дека јавниот простор во Делчево сè уште не е целосно прилагоден на потребите на жените. Иако физичките бариери (дупки, пречки) се значајни, психолошкиот товар создаден од слабата осветленост и бездомните кучиња е примарниот фактор кој ја ограничува мобилноста и активното учество на жените во јавниот живот. Потребен е интегриран пристап кој ќе ги комбинира инфраструктурните подобрувања со социјални програми за заштита и поддршка.

Делчево, 01.06.2026